**Известување за концентрација со која Телеком Србија акционерско друштво Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола над Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш, Република Србија**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.09.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на поединечна контрола од страна на Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица Таковска број 2, Белград, Република Србија над друштвото Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш, со регистрирано седиште на Византијски Булевар број 9/6, Ниш, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телеком Србија акционерско друштво Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Телеком Србија акционерско друштво Белград  има едно поврзано правно лице на територија на Република Северна Македонија:

- Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

**Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за давање услуги широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги за дистрибуција на медиумска содржина и малопродажен пазар за давање услуги на фиксна телефонија на територија на Република Србија.

Крајналиќ Комуникације ДОО Ниш нема поврзани правни лица, ниту пак има остварено приходи на територијата на Република Северна Македонија.

По однос на **релевантниот пазар на стоки** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како малопродажниот пазар за давање услуги од фиксен широко појасен пристап до интернет.

По однос на **географскиот пазар** за предметната концентрација, Подносителот предлага дека истиот би можел да се дефинира како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

26.09.2023 година, Скопје